*За професионална и транспарентна полиција*

## Најнови вести за проектот

# 2026 г. - Модернизација на полициското работење преку градење капацитети и институционална реформа

Преку континуирана поддршка на Министерството за внатрешни работи, проектот ги унапредува клучните реформи за зајакнување на модерното полициско работење, институционалната соработка и усогласувањето со меѓународните стандарди.

Во 2026 година, на национално ниво ќе се реализираат каскадни програми за обука по Полициско работење во заедницата и Форензички техники на интервјуирање деца, спроведени од 31 сертифициран обучувач. Паралелно, ќе продолжат активностите во рамки на програмата Полициско работење водено од разузнавање, како и процесот на изработка на Стандардна оперативна постапка за случаи што вклучуваат деца. Овие активности ќе придонесат кон поусогласени и поконзистентни практики, унапредена заштита на децата и понатамошно јакнење на професионалноста и довербата во полициската служба.

For a Professional and Transparent Police

# Полициско работење во заедницата

## Унапредување на полициското работење во заедницата преку пристапи водени од разузнавање

Проектот продолжува да го зајакнува полициското работење во заедницата преку воведување на Полициското работење водено од разузнавање (Intelligence-Led Policing–ILP) како клучен пристап кон проактивно и проблемски ориентирано полициско работење.

Врз основа на анализата на утврдените јазови, спроведена кон крајот на 2025 година, активностите се насочени кон практична операционализација на концептот. Во таа насока, развиен е сеопфатен пакет за обука, кој опфаќа структурирана програма за обука на обучувачи (ТоТ), како и дополнителни модули за еднодневна обука за полициските службеници. Овој пристап овозможува постепено, систематско воведување на ILP низ сите полициски сектори во државата.

Обуката е развиена во тесна соработка со претставници од Министерството за внатрешни работи и шведските експерти Тони Демиц Хелин и Андреас Гетагер. Програмата комбинира практични алатки и методологии со поттикнување на промена во професионалниот начин на размислување. Клучните концепти на ILP, како што се моделот SARA и Триаголникот за анализа на криминалот, се интегрирани со теми поврзани со аналитичко размислување, професионална љубопитност и пошироката улога на полицијата во заедницата.

Посебен акцент се става на интегрирањето на ILP во секојдневните полициски практики и работни процеси. Ова опфаќа унапредување на механизмите за собирање и споделување информации, подобра приоретизација на задачите, структурирани брифинзи и аналитичко известување. Преку поврзување на методологијата со секојдневните операции, проектот придонесува кон транзиција кон пофокусирано, превентивно и кон заедницата ориентирано полициско работење.











# Полициско работење во заедницата

## Подобрување на аналитичките капацитети преку полициско работење водено од информации

Како надополнување на воведувањето на Полициското работење водено од разузнавање (Intelligence-Led Policing–ILP), проектот придонесе кон зајакнување на аналитичките капацитети преку спроведување специјализирана обука за Power BI, наменета за првата група аналитичари од сите осум Сектори за внатрешни работи, како и претставници од централното ниво. Обуката беше реализирана во соработка со Семос Едукација, обезбедувајќи сертифицирана експертиза и практичен, индустриски усогласен пристап кон процесот на учење. Програмата беше фокусирана на унапредување на вештините за обработка, анализа, визуелизација и интерпретација на податоци, овозможувајќи им на учесниците оперативните податоци да ги трансформираат во релевантни и применливи аналитички сознанија.

Преку практични вежби и работа на конкретни примери, аналитичарите развија конкретни алатки, вклучително и контролни табли (dashboards) и шаблони за аналитичко известување, кои придонесуваат за поефикасно оперативно планирање и поквалитетно стратешко донесување одлуки. Клучен сегмент на обуката беше примената на аналитиката на податоци во рамки на ILP-пристапот, со цел поддршка на идентификацијата на трендови, обрасци и новонастанати ризици на регионално ниво. Во таа насока, раководителот на проектот, Николас Х. Кајане, ја истакна важноста од зајакнување на врската помеѓу аналитичката работа и полициското работење во заедницата, поттикнувајќи користење на податоците не само за разбирање на криминалните трендови, туку и за подобро препознавање и адресирање на потребите и приоритетите на заедницата. Со унапредување на способностите на аналитичките единици за изработка на навремени, релевантни и аналитички засновани разузнавачки производи, проектот придонесува кон развој на полициска служба која е повеќе ориентирана кон докази, проактивно дејствување и долгорочно планирање.











For a Professional and Transparent Police

# Правда за деца

### Унапредување на стандардите за полициско работење чувствително на децата

Развојот на Стандардна оперативна постапка (СОП) за постапување со деца во допир со законот останува еден од клучните приоритети во рамки на реформските процеси. Целта на СОП е воспоставување јасни, усогласени и практично применливи процедури, кои ќе бидат во согласност со националното законодавство и меѓународните стандарди, а истовремено ќе обезбедат конкретни насоки за полициските службеници во нивното секојдневно постапување.

Процесот се реализира под водство на шведските експерти Улрика Кварнстром и Сесилија Маркфјард, во тесна соработка со клучните институционални и меѓународни партнери, вклучувајќи ги Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, центрите за социјална работа, УНИЦЕФ, ГИЗ и национални правни експерти. Посебен акцент се става на заштитата на правата и благосостојбата на децата преку намалување на ризикот од секундарна виктимизација, зајакнување на процедуралните гаранции и јасно дефинирање на улогите и одговорностите на сите релевантни институции вклучени во постапките.

Паралелно, проектот продолжува да го поддржува воспоставувањето просториите за сослушување прилагодени на потребите на децата, како и воведувањето специјализирани обуки за форензичко интервјуирање. Овие активности придонесуваат кон обезбедување безбедна, соодветна и поддржувачка средина за децата, во согласност со меѓународните стандарди и добри практики за постапување со деца.



.





# Правда за деца

## Зајакнување на соработката меѓу засегнатите страни во системот на правда за деца

Ефективниот систем на правда за деца бара силна и координирана соработка помеѓу сите релевантни институции. Во таа насока, проектот продолжува да ја унапредува соработката со клучните национални засегнати страни, вклучувајќи го и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Заедничките активности се насочени кон зајакнување на меѓуинституционалната координација, унапредување на комуникациските механизми и усогласување на процедурите помеѓу полицијата, јавното обвинителство и социјалните служби. Посебно внимание се посветува на поддршката на процесот на развој на Стандардната оперативна постапка (СОП), како и на обезбедување нејзина практична примена и доследно спроведување на национално ниво.

Преку овој координиран и мулти-секторски пристап, проектот придонесува кон развој на поинтегриран, поодговорен и поефикасен систем на правда за деца, кој е подобро подготвен да ги заштити децата, да ги почитува нивните права и да обезбеди правична и ефективна институционална поддршка.

